Врз основа на член 8 од Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (службен гласник на Општина Гази Баба бр.2/2023) и согласно член 8 од Изборниот законик, Комисијата за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации на ден 13.05.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за продолжување на започнатата постапка во врска со Јавниот оглас за прибирање на барања за користење на средства од буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со бр.17-626/1 од 01.02.2024 година

Започнатата постапка во врска со Јавниот оглас за прибирање на барања за користење на средства од буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со бр.17-626/1 од 01.02.2024 година која е **ставена во мирување се продолжува**.

**Член 2**

Имајки ги во предвид Решението за распишување на избори за претседател на Република Северна Македонија и Решението за распишување на избори за пратеници на Собранието на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.37/2024), а согласно член 8 од Изборниот законик од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори, а започнатите постапки се ставени во мирување.

**Член 3**

Постапката во врска со Јавниот оглас за прибирање на барања за користење на средства од буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со бр.17-626/1 од 01.02.2024 година ќе продолжи во однос на отварање, разгледување и евалуација на пристигнатите барања.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Бр. 17-1166/5

13.05 2024 год.
СКОПЈЕ

Комисија за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации

Виктор Трпевски – член
Ана Урбан – член
Александар Трајковски-член
Злата Алексовска-член

**Претседател**
**Сања Димовска**